**20180160172**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/17), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2018 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА

I

(1) Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година во вкупен износ од 2.132.000.000,00 денари се обезбедени согласно, Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/17), раздел 140.04 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст Агенцијата), Програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството ставка 464-разни трансфери во износ од 320.000.000,00 денари, Програма 2А - Финансиска поддршка на рурален развој ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 1.812.000.000,00 денари.

II

(1) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ 1.986.200.000,00 денари ќе се користат за следните мерки за финансиска поддршка на руралниот развој:

| I. МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| Код на мерка | Дел | НАЗИВ НА МЕРКА | ИЗНОС (во денари) |
| 111 | IV | Обука и информирање на земјоделските производители | 100.000,00 |
| 112 | V | Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 250.000.000,00 |
| 114 | VI | Советодавни услуги во земјоделството: | 100.000,00 |
| 121 | VII | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства: | 101.500.000,00 |
| | | набавка на приплоден добиток | 14.000.000,00 |
| | | подигнување на нови насади | 30.000.000,00 |
| | | набавка на пчелни матици, пчелни роеви и опрема во пчеларството | 5.000.000,00 |
| | | набавка на земјоделска механизација за житни и индустриски култури | 20.000.000,00 |
| | | набавка на систем за наводнување капка по капка вклучително и бунари | 20.000.000,00 |
| | | набавка на матични растенија од категорија основен саден материјал во овоштарството и лозарството | 12.500.000,00 |
| 122 | VIII | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | 1.000.000,00 |
| 123 | IX | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи | 18.000.000,00 |
| 124 | X | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 687.206.000,00 |
| | | капитални инвестиции во водостопанската инфраструктура | 550.000.000,00 |
| | | останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура | 117.206.000,00 |
| | | пристап до земјоделско земјиште | 10.000.000,00 |
| | | консолидација на земјоделско земјиште | 10.000.000,00 |
| 125 | XI | Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопнаства | 35.000.000,00 |
| 131 | XII | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност | 80.294.000,00 |
| 211 | XIII | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | 61.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 213 | XIV | Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики | 16.000.000,00 |
| 214 | XV | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 14.000.000,00 |
| | | активносги за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви | 6.000.000,00 |
| | | воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток | 6.000.000,00 |
| | | зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец и бивол - домашен бивол) | 2.000.000,00 |
| 215 | XVI | Органско производство | 81.000.000,00 |
| 321 | XVII | Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини | 275.000.000,00 |
| 322 | XVIII | Обнова и развој на селата | 225.000.000,00 |
| 323 | XIX | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | 130.000.000,00 |
| 413 | XX | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 10.000.000,00 |
| 431 | XXI | Поттикнување на локален развој на рурални средини | 1.000.000,00 |
| I. ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ФИНАНИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | | 1.986.200.000,00 |

(2) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 124.480.000,00 денари ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

| II. МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | |
|---|---|---|
| РЕДЕН БРОЈ | НАЗИВ НА МЕРКА | ИЗНОС (во денари) |
| 1 | Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој | 94.480.000,00 |
| 1.1 | организирање, спроведување и учество на манифестации и саеми | 26.000.000,00 |
| 1.2 | учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи | 4.000.000,00 |
| 1.3 | помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 5.000.000,00 |
| 1.4 | изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија | 500.000,00 |
| 1.5 | спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од обласа на земјоделството и руралниот развој: | 2.000.000,00 |
| 1.6 | инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери | 6.000.000,00 |
| 1.7 | воспоставување и спроведување на истражувања се доделува за трошоци за спроведување на истражувања | 6.000.000,00 |
| 1.8 | други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 40.980.000,00 |
| 1.9 | учество на меѓународни и регионални натпревари за вино | 4.000.000,00 |
| 2. | Субвенционирање на каматна стапка | 30.000.000,00 |
| II. ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | | 124.480.000,00 |

(3) Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ 21.320.000,00 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој согласно член 26 од Законот за иновациска дејност.

III

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 111 „Обука и информирање на земјоделските производители" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 66 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка.

IV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство согласно членовите 67 и 92 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 180.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 112 „Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

V

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 114 „Советодавни услуги во земјоделството" од оваа програма, се спроведуваат согласно членовите 69 и 92 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Финансиската помош може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 30% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

VI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 121 за „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 70 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска, а поддршката претставува учество во нови инвестиции за следните намени:

- набавка на оригинали или мелези високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата буша), педигрирани оригинали или мелези машки и женски приплодни грла овци, педигрирани оригинали или мелези машки и женски приплодни грла кози и педигрирани оригинали или мелези свињи (нерези и назимки);
- подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини;
- набавка на пчелни матици, пчелни роеви и опрема за пчеларство;
- набавка на земјоделска опрема и механизација за житни и индустриски култури;
- набавка на опрема за систем за наводнување-капка по капка за пченка, сончоглед и фуражни култури вклучително и бунари за наводнување и
- набавка на матични растенија од категорија основен саден материјал во овоштарството и лозарството.

(2) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за набавени оригинали или мелези високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата буша), педигрирани оригинали или мелези машки и женски приплодни грла овци, педигрирани оригинали или мелези машки и женски приплодни грла кози и педигрирани оригинали или мелези свињи (нерези и назимки), за периодот од 1 октомври 2017 до 31 декември 2017 година е 28 февруари 2018 година.

(3) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за подигнати нови повеќегодишни лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини, за периодот од 1 октомври 2017 до 31 декември 2017 година е 28 февруари 2018 година.

(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за инвестициите од ставот (1) алинеи 1 и 2 од овој дел за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 септември 2018 година е 30 септември 2018 година.

(5) За реализација на мерките од став (1) алинеи 3, 4, 5 и 6 од овој дел, Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка до 01.03.2018 година.

(6) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот, може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата со поднесување на барање за исплата до Агенцијата.

(7) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 38.380.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 71 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка наменета за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

VIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 72 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка

(2) Висината на поддршката не може да надмине 50% од вредноста на прифатливите и направените трошоци, освен кога е наменета за јавни инвестиции, кога висината на поддршката ја утврдува Владата на Република Македонија.

IX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 73 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- капитални инвестиции во водостопанска инфраструктура;
- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;
- системи за снабдување со вода вклучително и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост;

- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште;
- консолидација на земјоделско земјиште и
- заштита на земјоделско производство оштетено од природни непогоди.

(2) Корисник на средствата од став (1) алинеја 1 од овој дел е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст: Министерството).

(3) Корисник на средствата од став (1) алинеја 2 од овој дел е "АД Водостопанство на Република Македонија" – во државна сопственост.

(4) Корисник на средствата од став (1) алинеи 3, 4 и 5 од овој дел е "Јавно Претпријатие за стопанисување со пасиштата" - во државна сопственост.

(5) Корисник на средствата од став (1) алинеи 6 и 7 од овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(6) Корисник на средствата од став (1) алинеја 8 од овој дел се земјоделските стопанства.

(7) Средствата за инвестициите од ставот (1) ги спроведува Министерството по пат на јавна набавка по доставен предлог за инвестиции од страна на заинтересираните корисници на средствата.

(8) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(9) Неповратната финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(10) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 650.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

X

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 125 „Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства" од оваа програма, се спроведуваат согласно членовите 70-а и 93-а од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратна финансиска поддршка.

XI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 74 и 90 од Законот за земјоделство и руралниот развој и членовите 15 и 16 од Законот за земјоделски задруги како неповратната финансиска поддршка за следните намени:
- помош за основање и функционирање на земјоделски задруги;
- помош за премии за осигурување;
- инвестиции за набавка на земјоделска механизација;
- инвестиции за примена на заеднички производни практики за усогласување на стандардите за квалитетот на земјоделските производи или за производство на земјоделски производи со повисок квалитети и
- организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи.

(2) Поддршката од став (1) алинеја 1 на овој дел за направени прифатливи трошоци се исплаќа по доставено барање за исплата.

(3) Поддршката од став (1) алинеја 4 на овој дел се доделува врз основана одобрен деловен план изготвен за плански период од најмалку пет години.

(4) Поддршката од став (1) алинеја 5 на овој дел се доделува во износ од 100% од вкупните прифатливи трошоци за спроведување на предвидените активности во програма за работа на земјоделската задруга и може, по барање на корисникот, да се додели на две рати.

(5) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 15.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од оваа програма програма се спроведуваат согласно член 77 став (8) од Законот за земјоделство и рурален развој .

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 60.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство како неповратната финансиска поддршка и тоа:

- во висина од 80% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 1 ноември 2017 до 31 октомври 2018 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри и
- во висина од 40% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 1 ноември 2017 до 31 октомври 2018 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри.

(2) За помошта од став (1) на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е:

- одгледување на овци за 1 вработено лице на 150 овци;
- одгледување на кози за 1 вработено лице на 50 кози и
- одгледување на говеда 1 вработено лице на 80 говеда.

(3) Помошта од став (1) на овој дел се исплаќа за најмногу 20 вработени лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта при што за 10 вработени лица се исплаќа 80% за помошта од став (2) алинеја 1 на овој дел, односно 40% за помошта од став (2) алинеја 2 на овој дел, а за вработените лица над 10 помошта се намалува за 50%.

(4) Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година по годината за која е исплатена поддршката.

(5) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став (1) на овој дел изнесува не повеќе од 300.000 денари по вработено лице.

(6) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 15.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 214 „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток" од оваа програма се спроведуваат согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за следните намени:

- активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви и
- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток и
- зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо Буша, овци каракачанска, овчеполска и шарпланинска, кози балканска коза, куче - овчарско куче шарпланинец и бивол - домашен бивол)

(2) Средствата од став (1) од овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од областа на сточарството, семе и саден материјал и здравје и заштита на растенијата.

XV

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 215 „Органско производство" од оваа програма се спроведуваат согласно член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 80.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 215 „Органско производство" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVI

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 86 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- изградба на локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе населени места во руралните средини во должина до 5 км;
- изградба на локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места во руралните средини со регионален пат или со населено место - град во должина до 7 км;
- изградба на водоснабдителни и канализациони системи во населени места во руралните средини;
- изградба на објекти, вклучително и набавка на опрема за организирање на продажба на жив добиток во населени места во руралните средини;
- модернизација на постоечките пазари за жив добиток за постигнување на повисоки стандарди за благосостојба на животните и
- изградба на објекти и опрема за домови за деца и млади, домови на култура во населени места во руралните средини.

(2) Корисници на средствата од став (1) од овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно член 63 од Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став (2) од овој дел.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(6) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 200.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 322 „Обнова и развој на селата" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 86 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- изработка на урбанистички планови за населени места во руралните средини;
- изградба и/или реконструкција на улици во населени места во руралните средини (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1км и
- изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во населени места во руралните средини.

(2) Корисници на средствата од став (1) од овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно член 63 од Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став (2) од овој дел.

(4) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

(5) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(6) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 170.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 322 „Обнова и развој на селата" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVIII

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 86 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој за инвестиции за следните намени:

- изградба на локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места во рурални средини со локалитет од значење за начинот на живот и работа на руралната популација во должина до 2 км;
- означување на културни и природни знаменитости во рурални средини;
- уредување на излетнички места во рурални средини, вклучително и нивно поврзување со мрежи за снабдување со електрична енергија, вода за пиење и канализација;
- изградба или реконструкција на патна инфраструктура за пристапност до и околу природни знаменитости во рурални средини вклучително и нивно уредување и воведување на комплементарни содржини - пешачки, велосипедски и останати спортски патеки и шеталишта и
- озеленување на површини покрај природни езера и магистрални патишта во рурални средини.

(2) Корисници на средствата од став (1) од овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно член 63 од Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој за инвестиции во рурални средини.

(3) Корисник на средствата од став (1) алинеи 2, 3 и 4 од овој дел може да биде и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија.

(4) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 5 од овој дел е "ЈП Македонски шуми" - во државна сопственост.

(5) Средствата од мерката од став (1) алинеја 4 од овој дел ги спроведува Министерството за транспорт и врски, преку спроведување на постапка на јавна набавка.

(6) Неповратната финансиска поддршка од став (1) од овој дел, се доделува во висина од 100% од вкупната вредност од прифатливите трошоци и се исплаќа во висина на износот утврден согласно договорите за јавни набавки склучени од корисниците од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој дел.

(7) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

(8) Неповратната финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(9) Дел од средствата од став (1) од овој дел во износ од 100.000.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 413 „ Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 87 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Корисник на поддршката од став (1) од овој дел е Локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Стратегиите за локален развој на рурални средини од став (1) од овој дел мора да ги исполнуваат условите утврдени во член 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XX

(1) Средствата од дел II став (1) од табелата мерка 431 „Поттикнување на локален развој на рурални средини" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 87 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка наменета за работата на ЛАГ за развој на руралните средини.

(2) Корисник на поддршката од став (1) од овој дел е ЛАГ основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XXI

(1) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 1. „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Дел од средствата од став (1) од овој дел во вкупен износ од 300.000,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми“ од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(3) Дел од средствата од став (1) од овој дел во вкупен износ од 700.000,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1,5 „“Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој” од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(4) Дел од средствата од став (1) од овој дел во вкупен износ од 21.650.722,00 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 2 ”Субвенционирање на каматна стапка” од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(5) Средствата од дел II став (2) потточка 1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми“ и потточка 1.2. „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители“ се наменети за следните манифестации и саеми:

- „Interwine China“ за вино, Гуанцо-Народна Република Кина;
- „Prodexpo“саем за пијалоци, Москва-Руска Федерација;
- „World Food (Мир Питание)“ за овошје, зеленчук и преработки, Москва –Руска Федерација;
- „Fruitlogistica“ за свежо овошје и зеленчук, Берлин-Сојузна Република Германија;
- „ProWein“ за вино, Дизелдорф-Сојузна Република Германија;
- „Sial “ за преработки од овошје и зеленчук, Париз-Република Франција;
- „ SIAL middle east “ за преработки од овошје и зеленчук, Abu Dhabi, Обединети Арапски Емирати;
- „Fancy Food“ за преработки од овошје и зеленчук, Њујорк САД
- „Biofach - Нирнберг, Германија “ за органско земјоделство;
- „Megavino“ – саем за вино, Брисел Белгија
- London Wine Fair“ – саем за вино, Лондон Велика Британија
- Foodex “ за преработки од овошје и зеленчук и вино, Токио Јапонија
- Промоција на македонското вино на таргетирани пазари во ЕУ, САД и Хонг Конг;

- Промотивни настани за промоција на македонската преработувачка индустрија на овошје и зеленчук на таргетирани пазари во ЕУ и Руска федерација
- Промоција на македонските производи преку безцаринските зони во Хуанѕо и Шангај и во „China National Exibition Center“ – Народна Република Кина

(6) Средствата од дел II став (2) потточка 1.3 “Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи” и потточка 1.9 “Учество на меѓународни и регионални натпревари за вино“ се спроведуваат согласно член 6 од “Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој”.

(7) Средствата од дел II став (2) потточка 1.4 “Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија” се спроведуваат согласно член 7 од “Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој”.

(8) Средствата од дел II став (2) потточка 1.5 “Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој” се спроведуваат согласно член 8 од “Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој”.

(9) Средствата од дел II став (2) потточка 1.6 “Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери” се спроведуваат согласно член 9 од “Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој”.

(10) Средствата од дел II став (2) потточка 1.7 “Воспоставување и спроведување на истражувања“ се спроведуваат согласно член 10 од “Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој”.

(11) Средствата од дел II став (2) потточка 1.8 “Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој “ се спроведуваат согласно член 11 од “Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој”.

(12) Средствата од дел II став (2) потточка 1.9.„Учество на меѓународни и регионални натпревари за вино“ се наменети за следните натпревари и видови на награди:

| Натпревар | Специјализирана награда | Златна медала | Сребрена медала |
|---|---|---|---|
| 1. Меѓународни натпревари: | | | |
| 1.1. Decanter UK / Asia | • Platinum - Best in Show<br>• Platinum | да | да |
| 1.2. London International Wine Challenge | • Trophy | да | да |
| 1.3. Mundus Vini (Spring / Summer) | • Grand Gold | да | да |
| 1.4. Citadelles du Vin | • Special Price | да | / |
| 1.5. International Wine Challenge AWC Vienna | • Best red wine of the year<br>• Best white wine of the year<br>• Best sweet wine of the year<br>• Best sparkling wine of the year | да | / |
| 1.6. Concours Mondial de Bruxelles | • Grand Gold | да | / |
| 1.7. China Wine and Spirits Awards | • Trophy<br>• Best Value | да | / |
| 2. Регионални натпревари: | | | |
| 2.1. VINO LJUBJANA Slovenia | • World Champion<br>• National Champion | да | / |
| 2.2. Balkans International Wine Competition BIWC | • Grand Trophy<br>• White wine Trophy<br>• Red wine Trophy<br>• Rose wine Trophy<br>• Sparkling wine Trophy<br>• Sweet wine Trophy<br>• Best indigenous white<br>• Best indigenous rose<br>• Best indigenous red | да | / |
| 2.3. INTERNATIONAL WINE CONTEST Bucharest | • Great Gold | да | / |
| 2.4. GAST Croatia | • Champion | да | / |

(13) Средствата од дел II став (2) од табелата точка 2. „Субвенционирање на каматна стапка'' од оваа програма, се спроведуваат согласно член 98-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

XXII

(1) За реализација на мерките од оваа програма Агенцијата објавува отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка или барања за исплата на финансиска поддршка, доколку поинаку не е уредено со оваа програма.

(2) Рокот за објавување на отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на финансиска поддршка од оваа програма е 30 ноември 2018 година.

(3) Рокот за објавување на отворени јавни повици за доставување на барања за исплата е во согласност со роковите утврдени во дел VI ст (2), ст (3), ст (4) и ст(5) од оваа програма.

(4) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од оваа програма, освен за мерките од дел VIII, IX, XVI, XVII и XVIII во кои еден корисник - единица на локалната самоуправа и/или Центрите за развој на планските региони може да поднесат најмногу три барања.

(5) Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година.

XXIII

(1) Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-700/1
23 јануари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.